**Извештај за извршени редовни/вонредни инспекциски надзори во период од 1-10.11.2019 г како резултат на засиленото инспекторирање поради загадувањето на воздухот .**
**Активностите е координирана од заменик претседателот на Владата Оливер Спасовски, министерот за животна средина и просторно плнирање Насер Нуредини и посебниот советник за животна средина и просторно планирање од Канцеларија на Претседателот на Владата на РС. Македонија Драган Јованов.**

## ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ ВО ПРВИ ТРИ КВАРТАЛИ 2019 ГОДИНА**Во текот на првите три квартали од 2019 година од страна на Државниот Инспекторат за животна средина извршени се вкупно 1.776 инспекциски надзори (редовни, вонредни контролни) при што се изготвени исто толку Записници за констатација, донесени се 183 решенија со кои се изречени мерки во инспекциска постапка, поднесени 51 санкција за сторени законски повреди од областа на животната средина. 1 мандатна санкција-глоба и 1 постапка за порамнување, 43 покренати прекршочни постапки и 6 поднесени кривични пријави.

ИНФО: Комисијата за спогодување при МЖСПП за сторен прекршок од трета категорија согласно Законот за животната средина го санкционираше правниот субјект Арцелор Митал, Скопје со максимален предвиден износ од 100.000 евра во денарска противвредност.
По одржаниот координативен состанок за засилување на инспекцискиот надзор од испекциските служби на државнио и на локално ниво, ДИЖС има извршено вонредни инспекциски надзори на на 4, 5 и 6 ноември, во 20 инсталации чие инспекторирање е во негова надлежност.

## Вонреден инспекциски надзор во Општините Ѓорче Петров и Сарај на барање на граѓани

(8.11.2019г.) Во координација со посебниот советник за животна средина на Премиерот, Драган Јованов, врз основа на поплаки на жители на општината Ѓорче Петров за квалитетот на воздухот особено во вечерните часови, направен е заеднички координиран инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина и овластените инспектори за животна средина од општините Ѓорче Петров и Сарај на подрачјето на двете општини при што е констатирана следната фактичка состојба:

На ден 07.11.2019 година во попладневните часови (поточно од 17 до 20 часот) извршен е вонреден инспекциски надзор на следните локации: Ново Село, Волково, сметлиште кај пречистителна станица во Ѓорче Петров, во Сарај и населено место Кондово.

На посочените локации при вонредните инспекциски надзори немаше затекнато лица кои вршат палење на гуми, кабли, стрништа. Истовремено, овластените инспектори за животна средина информираат дека во тек е оградување на сметлиштето од страна на Општина Ѓорче Петров, и за засилени активности за спречување на појавата на палење на стрништа во Општина Сарај со собирањето на отпадоци од растенија од страна на Град Скопје. Оваа година за прв пат 4-5 камиони ваков органски отпад е отстранет од самите ниви.

## Извештај од вонреден инспекциски надзор во кругот на Охис, извршен на ден 08.11.2019 година и на ден 09.11.2019 година

Државниот инспекторат за животна средина на ден 08.11.2019 година во координација со овластените инспектори за животна средина на општина Кисела Вода и Градот Скопје и екипа на Министерството за внатрешни работи со Дирекцијата за заштита и спасување изврши вонреден инспекциски надзор во кругот на ОХИС-Органско Хемиска Индустрија "Наум Наумовски-Борче", Скопје каде се случило излевање на вода со која бил чистен празен метален резервоар во која претходно бил складиран метил акрил атмономер кој е целосно и безбедно препакуван.

Инспекциските служби на централно и локално ниво вонредниот надзор го изврши по дојава од жители кои утрото почувствувале непријатна миризба во околината на фабриката.

Истекувањето се случило на локација каде правен субјект од Скопје препакува и отстранува историски отпадни хемикалии во течна состојба кои се неупотребливи и останати од поранешнатафабрика, а кои ќе се извезуваат во странство.

Истечена е вода од метален резервоар во која бил претходно складиран метил акрилат мономер. Откако е испразнет металниот резервоар, фирмата имала обврска истиот да го исчисти. При перењето попуштил вентил и течноста се излеала во бетонска када–танквана во која се наоѓал металниот резервоар и затоа се почувствувала непријатна миризба во околината. Лабораторијата на МВР зема проба која ќе биде лабораториски испитана, по што ќе следува понатамошно водење на инспекциската постапка.

Од страна на Државен инспекторат за животна средина е изготвен Записник за констатирана состојба на лице место, а правниот субјект е веднаш задолжен да работи натерен во текот на ноќта и целата излеанатечност од кадата да биде преточена во соодветно пакување, а во текот на наредниот ден: сабота 09.11.2019 година ќе биде извршен контролен инспекциски надзор од страна на Државен Инспекторат за животна средина.

На ден 09.11.2019 година од страна на Државниот инспекторат за животна средина извршен е контролен инспекциски надзор во кругот на ОХИС-Органско Хемиска Индустрија "Наум Наумовски-Борче", Скопје, а во врска со постапувањето на правниот

субјект Еко центар 97 Скопје по зададеното задолжување. На денот на контролниот надзор се констатира дека излеаната течност во кадата целосно е собрана во буриња и кадата е покриена со дрвени струготини – пилевина. При надзорот на самото место беа присутни работници кои ја собираа пилевината и дното од кадата го премачкуваа со варова вода. Исто така, на самото место, немаше мирис. Од страна на Еко центар не информираа дека претходниот ден (08.11.2019 година) дошла екипа од Министерството за одбрана да изврши мерења на загаденост на воздухот и дека на 11.11.2019 година ќе извршат повторни мерења. Во текот на контролниот надзор, беа присутни и професори од Универзитетот во Штип кои вршеа мерења.

По добивање на резултатите од извршените мерења ДИЖС ќе преземе соодветни мерки, согласно законските регулативи.

Отпадниот материјал е планирано целосно да биде извезен надвор од РС. Македонија.

## Државниот инспекторат за животна средина на ден 06.11.2019 година извршил вонреден инспекциски надзор во врска со загадувањето на воздухот во следите правни субјекти:

1. ТУЛАНА АД Гостивар; Извршен е вонреден инспекциски надзор и со записник констатираше дека: во моментот на увидот ТУЛАНА не работи бидејки има решение од ДИЖС за забрана за работа со бр. 19-1/XIV/181/1 од 18.09.2019 до исполнување на минималните технички услови односно реализирање на целите на оперативниот план рок 90 дена. Рокот уште му тече.

2. А.Д. ТЕАЛ Тетово; Извршен е вонреден инспекциски надзор и присуство при мерењата на емисиите во АД ТЕАЛ Тетово, врз основа на задолжување од надзор направен во октомври месец кога се побарани вонредни мерења. За резултатите дополнително ќе бидете известени по добивање на истите.
3. ТЕТЕКС Јарн Тетово; Извршен е вонреден инспекциски надзор над А- Инсталација која последните мерења на емисии на оџак ги има извршено на 19.06.2019 година од резултатите се утврдува дека емисиите се во граници на дозволено согласно А – интгрираната еколошка дозвола ( нема надминуваат граничните вредности),
4. БЛУЕ ТЕКНОЛОГИ Тетово; Извршен е контролен надзор во правниот субјект, кој во моментот на надзорот не работи и се чека да добијат одобрение за пренос на А-Интегриранат еколошка дозвола од БЛУЕ ЕНЕРГИ Барањето е поднесено до Секторот менаџирање со опасен отпад, анализа за интегрирана еколошка ревизија Правниот субјект нема извршени мерења во 2019 година, поради тоа што не работат. Мерења ќе се извршат по добиеното мислење за преносот на дозволата. По добивање резултати ќе бидете дополнително известени.
5. Фабриката за производство на картонска амбалаза на ДС-Смитх АД Скопје; На 06.11.2019г. извршен е вонреден инспекциски надзор во врска со контролата на емисиите на гасови што се емитираат од самата фабрика. Според лабораторискиот извештај на акредитираната лабораторија мерењата, од извештајот бр.164-Е/19с од 16.10.2019г. се во Граничните

вредности на емисија на стетни материи во воздухот наведени во А-Интегрираната еколоска дозвола од 28.08.2019г. за ДС Смитх издадена од МЖСПП, резултатите од испитувањата на трите стационарни извори на емисија од фабриката за картонска амбалаза на ДС Смитх, за сите наведни параметри се во рамки на пропишаните границни вредности во тестираните точки.

6. Викторија Инвест, асфалтна база во с.Ново Село Дебрца. Извршен е вонреден инспекциски надзор на 06.11.2019 г. При увидот беа приложени резултати од извршени мерења на емисии во воздух и бучава извршени на 11.09.2019г. Според резултатите од мерењата нема надминување на граничните вредности на емисиите во воздух и се во рамките на дозволените граници согласно А – интегрираната еколошка дозвола.
7. ГП Гранит асфалтна база -Битола, субјект со А-ИСКЗ дозвола направен е инспекциски надзор и со Записник бр.Ип1-18-72 од 06.11.2019 е констатирано следново: Асфалтната база работи под полн режим на работа од вчера (05.11.2019). Базата не работеше од почетокот на септември заради немање на нарачки за асфалт. За време на увидот не е забележана видлива емисија од оџакот и фугитивни емисии. Мерење на емисија на гасови ќе биде направена во следните неколку дена - по изјава на одговорното лице (до сега не беше направена бидејќи базата не работеше од почетокот на септември). За терминот на мерењето ДИЖС ќе биде благовремено известен, а извештајот од измерените параметри ќе биде доставен до ДИЖС-и за истиот ќе бидете известени.
8. АД ОРАНЖЕРИИ ХАМЗАЛИ с.Хамзали Босилово; Извршен редовен инспекциски надзоризготвен Записник број ИП1 19.1-125 од 06.11.2019 година, утврдено е дека на 05.04.2019 година од акредитирана лабораторија Технолаб ДОО Скопје извршени се мерења на емисии во воздух на испуст од котлара 1, 2 и 3, резултатите од од извршените мерења и анализа на емисијата на загадувачки супстанции во воздухот се во дозволени гранични вредности. Во овој временски период во АД ОРАНЖЕРИИ ХАМЗАЛИ с.Хамзали Босило не работат котлите во котлара 1, котлара 2 и котлара 3 нема испуст на емисии во воздух.
9. Контролен инспекциски надзор во Техно Павер Превалец, Велес согласно издадено Решение. Изготвен е Записник за констатација и утврдено е дека постапиле по издаденото Решени, имаат извршено мерење на бучавост при што резултатие покажуваат дека е во дозволените гранични вредности.мерењата на квалитет на амбинталниот воздух од мерното место во близина на Превалец се во дозволените гранични вредности и изнесуваат 43.06 микрограми на метар кубен, а од мерно место во близина на населба Тунел ги надминуваат граничните вредноси и изнесуваат 75.78 микрограми на метар кубен. Мерења на стационирaн извор не се направени од причина што шахтната печка не работи и во моментот на контролата исто така не работеше. До ДИЖС правниот субјект достави известување дека печката ќе се сервисира и нема да работи од 25.09.2019г.

**08.11.2019г.**
- Вонреден инспекциски надзор во ПЕЈПЕР МИЛ ДОО КОЧАНИ, при што е изречена забрана

- Вонреден инспекциски надзор во ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ, придружувам до посебниот советник за ж.с. во кабинетот на Премиерот Драган Јованов

## ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Државниот инспекторат за земјоделство до сите државни инспектори за земјоделство достави задолжување/наредба секојдневно, континуирано и ригорозно да спроведуваат контроли на цела територија на Република Северна Македонија, се со цел запирање на трендот на загадувањето на воздухот, палењето на стрништа, палењето на шумите и друга вегетација а контролите на терен да се вршат самоницијативно или тимски со преставници на Министерството за внатрешни работи, Териториjална противпожарна единица и Државниот инспекторат за земјоделство секаде онаму каде има земјоделски површини и постои опасност од палење на стрништа и друга вегетација.

Согласно горенаведеното во 2019 заклучно до 07.11.2019 година од страна на државните инспектори за земјоделство извршени се повеќе од 200 контроли, изготвени се записници,во постапка за порамнување издадени се 34 платни налози, а бидејки еден дел од платните налози не се платени поднесени се 5 барања за поведување на прекршочна постапка, до Прекшочна комисија за сторен прекршок спротивно на член 46 став 2 а казниво по член 61 став 3 од Законот за земјоделското земјиште а констатирана е опожарена површина од околу 250 хектари .

Покрај горенаведеното од страна на државните инспектори за земјоделство со престаници на Министерсвото за внатрешни работи превземени се и превентивни мерки со одржување на требини во врска со пожарите односно месното население е информирано дека е забрането палење на оган во посевите, во стрништата и во нивна близина што е спротивно на член 46 став 2 а казниво по член 61 став 3 од Законот за земјоделското земјиште.

## ДРЖАВЕН КОНУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ

На магистрален пат А1а( Е-75) од Петровец до Неготино констатирано е дека во Катланово во завршна градба е објект за угостителство без видливо загадување и уредно заштитен.На локалитетот Ветерско во рана фаза од изградба ,нема градежни зафати и возила,а пред Неготино од лева страна има два плаца за тешки возила и градежен материјал како и отпади од керамичка индустрија.Останатите пратечки објекти (4 Наплатни станици) и 7 бензиски станици состојбата е уредна.

На магистрален пат А2 ( Е-871) од Куманово до Крива Паланка на 4 локации од кои 2 бензиски станици и другите 2(БС) со придружни објекти ,состојбата е редовна,односно не е забележан расфрлан отпад ,поставени се контејнери за времено одлагање на отпад и не е забележано палење на стрмишта или други материјали кој не смееат да се палат.

## ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Инспекцискиот совет на својата интернет страна www.is.gov.mk веќе има постирано телефонски број за пријавување на неправилности, 02/310 30 30. Исто така, на интернет страната на Инспекцискиот совет постои функционална електронска алатка/платформа за доставување на претставки и иницијативи за спроведување на инспекциски надзор, која пак е директно поврзана со официјалниот е-меил на Инспекцискиот совет, но и со соодветните инспекциски служби, вклучително и Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи .

Електронската алатка е достапна преку следниот линк:

1. Претставки: http://www.is.gov.mk/pretstavki.nspx
2. Иницијативи за спроведување на инспекциски надзор: http://www.is.gov.mk/inicijativi2.nspx

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ ОД ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО О. ГАЗИ БАБА

**04.11.2019 година**

-Обиколка на терен на критични точки кои подлежат на ризик за депонирање и спалување на отпад. Посетена поранешна депонија Вардариште, место викано Камник, Кадриево Маало (Инџиково на влезот во Скопје), Јурумлери (порај кеј на река Вардар). При вршење на обиколката не е забележано депонирање и спалување на отпад.

-Направен увид по пријава на ул. Среќко Пужалка по пријава за загадување воздухот од импровизирана пушница за месо во приватна куќа. При вршење на увидот не е забележано палење на огин. Се работи за приватен имот во кој има индиции за споменатата активност (пушење месо за сопствени потреби) но истата не е забранета со закон и странките се опоменати за вршење на активностите без реперкусии по околното население. Оваа локација ќе биде предмет на контролен надзор.

-Увид на терен по пријава за ширење на непријатна миризба на ул. Финска кај лице кое наводно врши браварска дејност на приватен имот без регистрирано правно лице за таа намена. Увидот се извршувва по втор пат во работно време за администрацијата и вршење на дејност не е забележана. Потребно е да се изврши увид за време на викенд или во дежурсутво со налог на претпоставен.

-Увид во населба Ченто по пријава за ширење на непријатна миризба од чување на живина и стока во урбана средина. Составен записник за констатација и даден рок за отстранување на живината.

Истовремено Ве информираме дека на некои од наредните состаноци неопходно е да се дискутира и изнајде решение за определени препреки со кои се соочуваме на терен како и неопходни измени во Законите и Правилиците кои би ја поедноставиле работата на инспекциската служба. Конкретно, Општините во Град Скопје се соочуваат со недостиг на ингеренции согласно прописите од облста на животната средина и управувањето со отпад поради поделеноста на истите со Град Скопје. Така, Општина Гази Баба која е најиндустријализирана општина во РМ, на своја територија има поранешна депонија и со приближно 80000 жители има помалку ингеренции од Општини кои имаат помала територија и помалку жители. Општините во Градот Скопје не издаваат Б интегрирани еколошки дозволи и немаат контрола над тие инсталации. Имаме ингеренции над дејности кои одамна се изумрени (самарџиство, производство на черги и сл) а за сметка на тоа во уредбата не се опфатени дејности кои се потенцијално поголеми загадувачи на животната средина. Имаме ингеренции само над дејностите од Прилог 2 од Уредбата за дејностите и активностите за кои е задолжителна изработка на Елаборат за заштита на животна средина а Прилог 1 е во надлежност на Град Скопје.

**05.11.2019 година**

- Обиколка на терен на критични точки кои подлежат на ризик за депонирање и спалување на отпад. Посетена поранешна депонија Вардариште, место викано Камник, Кадриево Маало (Инџиково на влезот во Скопје), Јурумлери (порај кеј на река Вардар). При вршење на обиколката во Вардариште е забележано горење на отпад на 2 локации. Едната тукуштo догорени кабли за користење на бакарот и другата при согорување на мебел за да се искористат само металните конструкции а ткаенината да изгори. Затекнти се повеќе лица на лице место кои немаа документи за идентификација и огинот веднаш го беше изгасен. Фотодокументација во прилог. Исто така, беше забележан огин во Општина Аеродром за што беа известени колегите кои интервенираа на својата територија
- Направен увид и извршена едукација на правни лица кои имаат дозвола за складирање и третман со отпад како и трговија со отпад (ЕКОЦЕНТАР 97 И ЕКОЦИРКОН). На истите им беше предочено да не откупуваат метали за кои има индиции дека се стекнати со палење на некаков тип на отпад (жици од гума, бакар од кабли, метали од мебел). Информирани за казнени одредби од законот за управување со отпад.

**06.11.2019г**

- Редовни инспекциски надзори на критичните точки во Општината како што се дивата депонија Вардариште, кејот на р.Вардар во н.Ќерамидница, Кадриово маало во н.м Инџиково, места каде што живеат жители од ромска националност во импровизирани

живеалишта и често се случува да палат опасен отпад. Во моментот на увид нема забележано палење и со населението е извршен информативен разговор во однос на последиците што потекнуваат од палење на опасен отпад.

- Извршен е увид во н.м Јурумлери и забележано оган од запалено земјоделско стрниште од непознат сторител. Од лице место повикана е Против –Пожарна Бригада на Град Скопје при што истиот е локализиран.

**07.11.2019 година**

- Посета на Цементарница Усје во координација со Државниот инспектор за животна средина
- Направена обиколка на терен на целата територија на општина Гази Баба но поради лошите временски услови (пороен дожд), не е забележано палење на отпад или депонирање на истиот.

**08.11.2019 година**

- Направена обиколка на терен во населените места Јурумлери, Кадриево маало (Инџиково), Камник (Ченто), Керамидница, Вардариште. Не се забележано спалување на отпад.
- Составени записници за констатација во правните лица Рено сервис Тафо и Дизел сервис Славе. Не се забележани неправилности. Се загреваат на дрва и пелети.

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

- **05 до 06-11-2019 год**. извршен е надзор врз две Б-инсталации во кој како можен загадувач беше напишан грејниот котел. Од увидот е констатирано дека грејните котли се уште не се во функција поради моменталната временска ситуација,и за истите дадено е задолжение веднаш по пуштањето во функција да се извршат потребните мерења за ПМ10 честици од емитер(-котел на нафта).

Исто извршени се вонредни контроли во 4(четири) Авто-механичарски работилници, и при увидите не се забележани непавилности во делот на чувањето и предавањето на отпадните масла на овластени откупувачи,и исто не е забележано греење во работилниците со отпадното масло. Забележано е кај сите субјекти кои беа предмет на вонредна контрола не редовното собирање на отпадните масла од страна на овластените откупувачи. При вонредните контроли не се забележани прекршувачи на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух.

- **08 до 09-11-2019 год**. извршен е надзор врз 5(пет) ЕЗЖС-(конфекции), во кои како можен загадувач беше напишан грејниот котел. Од увидот е констатирано дека грејните

котли се уште не се во функција поради моменталната временска ситуација,додека во моментот загревањеото беше на клима уреди. Дадено е задолжение веднаш по пуштањето во функција нафтениот котел да се извршат потребните мерења за ПМ10 честици од емитер (-котел на нафта).Исто извршени се вонредни контроли во(три) Авто-механичарски работилници, и при увидите не се забележани непавилности во делот на чувањето и предавањето на отпадните масла на овластени откупувачи,и исто не е забележано греење во работилниците со отпадното масло. Забележано е палење на 1(еден) метален контењер за отпад од страна на непознат сторител.Истиот веднаш беа изгасени од страна на лица вработени во ЈП Комуналец.

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Обезбеден е засилен инспекциски надзор во две смени со вклучен полициски службеник. На 05.11.2019г. забележан е чад и на лице место беше идентификувано лицето кое постапило спротивно Законот за јавна чистота со палежње на кабли и бакарни жици. Против него се преземени мерки согласно законските прописи.

- Исшистени се пет помали локални депонии и отстранет е мешан комунален отпад од ул. „Индира Ганди“ по ул. „2“ до Визбегово , претоварна рампа за отстранување на отпад.

Не се забележани случаи на палење на оган на јавна површина и не се забележани други отстапки и негативни влијанија на животната средина.

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

Од почетокот на годината досега комуналните инспектори и овластениот инспектор за животна средина казниле 30 лица (поединци) –загадуваќи кои палеле и согорувале отпад.

## ВО ОПШТИНА БИТОЛА И ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО СТАВЕНИ ВО ФУНКЦИЈА ТЕЛЕФОНИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЧИ